ВО ТЕК СЕ ПРЕГОВОРИТЕ ЗА НОВ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА АД ЕСМ

Синдикалната организација на АД ЕСМ од која дел е и Синдикатот на РЕК Битола и АД ЕСМ водат преговори за потпишување на нов колективен договор.

Досега се одржани три состаноци на работните групи од двете страни вклучени во социјалниот дијалог на кои се разгледуваа предлозите од синдикалните претставници за понатамошно подобрување на правата на работниците во друштвото.

Очекуваме во новиот колективен договор што ќе биде потпишан да бидат вклучени неколку дополнувања на одредбите кои ќе донесат  уште подобри услови за работа на работниците, можност за повеќекратни награди за работна успешност, исплата на солидарни надоместоци, итн.

Со консултациите продолжуваме во текот на следните денови, а по потпишувањето на колективниот договор ќе ги соопштиме и сите детали од новите бенефиции кои ќе ги добијат нашите членови.

